**ЗАПИСНИК**
**од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.02.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2020 година.
2. Предлог-одлука за усвојување на годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година.
3. Предлози за запирање на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година. Објасни дека Извештајот е составен исто како и претходните завршни сметки според Законот за сметководство за непрофитни организации и Правилникот за сметководство на непрофитни организации, и дека ги содржи истите формулари кои што се пополнуваат и секоја година: биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, белешка за распоредување на резултатот, даночен биланс, посебни податоци за системот за државна евиденција и рекапитулар на остварени приходи и расходи. Во текот на 2019 година Агенцијата остварила 123.104.182,00 денари вкупни приходи. Најголемиот дел од приходите, односно 72.750.244,00 денари се од Буџетот на РСМ, наменети за финансирање на радиодифузната дејност. Инаку поточно 72.000.000,00 денари се добиени преку МИОА од Буџетот на РСМ, додека останатите 750.244,00 денари се наплатни побарувања по основ на радиодифузна такса. Во однос на приходите кои се остварени за надоместоци на дозволи објасни дека износот на средствата кои што се остварени по овој основ е понизок, од планирани 51.220.000,00 денари се остварени 38.061.013,00 денари. Беше донесен нов закон кој се применува од 01.01.2019 година каде што годишниот надоместок и за телевизиите и за радијата е намален за 30%. За тој износ отприлика е намален и приходот по овој основ. Приходот по основ на реемитување на програмски сервиси е малку поголем од тој што беше планиран и исто така има и други приходи во износ од 645.153,00 денари остварени од транзитни фактури, бидејќи многу услуги со Агенцијата за млади и спорт кои се заеднички, односно се фактурираат на Агенцијата, а потоа процентуален дел се фактурира на Агенцијата за млади и спорт. Додаде дека расходите Агенцијата се со износ од 79.645.161,00 денар, сите расходи се специфицирани во поединечни позиции во Извештајот и додаде дека вкупно реализираните приходи во 2019 година се поголеми од реализираните расходи за 43.459.021,00 денари. Напомена дека износот на основните средства со кои што располага Агенцијата на 31.12.2019 година е 223.551.179,00 денари. По годишната сметка за 2019 година Агенцијата имала и побарувања од 6.635.457,00 денари по основ на повеќе платени даноци, од кои најмногу се однесуваат на платен данок на добивка. Во текот на годината државата го измени Законот, досега како непрофитна организација Агенцијата плаќала 10% данок, а сега непрофитните од 01.01.2020 година, со тоа што тоа исто важи и за 2019 година, плаќаат само 1% данок. Поради таа причина за тој повеќе платен данок Агенцијата има право после доставувањето на завршната сметка да го израмни со некои наредни обврски кои што ги има Агенцијата кон државата. Вкупните обврски што ги има Агенцијата се 1.666.060,00 денари и во поголем број се работи за фактури на кои се`уште не им е доспеан рокот за наплата за надоместокот за дозволи. Инаку појасни дека и оваа година како и претходните години Агенцијата ги плаќа сите своите трошоци направени во рамките согласно склучените договори и во рамките на валутата на доставените фактури. Во наредната 2020 година, по завршна сметка ќе бидат пренесени средства во вкупен износ од 194.060.039,00 денари. Дополни дека сите приходи и трошоци се прикажани во посебни табели во Извештајот.

Г-дин Фетаи рече дека го прегледал и го анализирал доставениот Извештај кој бил поткрепен со сите елементи и позитивни бројки во смисла на финансиското работење на Агенцијата, дека нема посебни забелешки во смисла на побарувањата и другите обврски што ги има Агенцијата кои се во рамките на доброто финансиско работење. Единствено праша за подетално односно појасно образложение за промената на тарифата на данокот од 10% на 1% бидејќи тоа е еден позитивен момент во поглед на работењето на Агенцијата. Што се добива во таа насока и каде е сместена Агенцијата како регулатор, и на што се однесува тој данок?

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ појасни дека станува збор за данок на добивка. За вишокот на остварени приходи над остварените расходи. Образложи дека новите законски измени од 01.01.2020 година, а кои се применуваат и за 2019 година, се однесуваат на данокот на добивка и претежно се работи за непрофитни организации. Измената е за сите непрофитни организации во РСМ, почнува да важи од 01.01.2020 и се применува и за 2019 година. Измените важат за сите субјекти во државата, не само за Агенцијата. Овој закон ја опфаќа и Агенцијата поради тоа што таа е во оние субјекти каде што се менува стапката на плаќање на данокот, за трговските субјекти стапката си останува 10% како што било и порано, само за непрофитните државата решила од 10% да го намали на 1%.

Г-дин Фетаи рече дека според образложението кое го слушнал смета дека тоа е едно рационално решение бидејќи и кога се плаќал данокот од 10% во Буџетот, тие 10% повторно се враќале во Агенцијата по други основи.

Советот на Агенцијата го прифати Извештајот за годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година и едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со 3-те предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување предложи објаснувањето и општата дискусијата да биде заедничка за сите 3 предлози, додека гласањето да биде поединечно за секој радиодифузер посебно.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека на 8-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 14.02.2020 година беа иницирани постапки одземање на дозволата на овие трговски радиодифузни друштва, поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Во меѓувреме извршиле уплата и затоа се предлага за да се запрат покренатите постапки за одземање на дозволата.

3.1 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, бр.08-120 од 05.01.2015 година.

На 24.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 10.113,00 (десет илјади сто и тринаесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

3.2 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-Дифузно друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година .

На 24.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 34.727,00 (триесет и четири илјади седумстотини дваесет и седум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

3.3 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година.

На 24.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 79.060,00 (седумдесет и девет илјади и шеесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Бр. 02-864/6**
**05.03.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**